**Проект: Зајакнување на интегритетот кај климатското финансирање**

Центар за економски анализи – ЦЕА
Бул. Јане Сандански 63/3 1000 Скопје, Северна Македонија
www.cea.org.mk
Тел: +389 2 244 4766
Е-пошта:
ceaorgmk@gmail.com
info@cea.org.mk

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА: Мониторинг на локалните финансии за клима во Северна Македонија

СКОПЈЕ – Центарот за економски анализи (ЦЕА) го најавува почетокот на иницијативата „Зајакнување на интегритетот кај климатското финансирање: Транспарентно и одговорно финансирање за спречување на корупцијата“.

**Цел: Зголемување на интегритетот на локалните финансии поврзани со клима и животната средина**

Како што Северна Македонија се стреми кон одржлив развој, децентрализацијата на финансирањето за животна средина и климатски промени наметнува потреба од подобро управување на локално ниво. За да се намалат ризиците од несоодветно трошење, оваа иницијатива ќе работи на институционализирање на транспарентноста и отчетноста во општините (ЕЛС). Преку подобрени рамки за управување и антикорупциски процедури, проектот ќе придонесе кон оптимизирање на  распределбата на ресурсите и ќе придонесе кон обезбедување на подобрен фискален интегритет на трошењата наменети за управување со животната средина.

Главната цел на проектот е зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста на финансирањето поврзано со климатските промени на локално ниво во Северна Македонија, со што би се намалиле ризиците од неправилности и корупција и би се подобрила распределбата на локалните ресурси.

**Специфични цели:**

- Подобрување на имплементацијата на регулативата од страна на ЕЛС и да се поттикне институционализирање на проактивното објавување на податоците и информации кои се однесуваат на локалните финансиите поврзани со животната средина и климата, со цел ублажување на ризиците од неправилностите и корупцијата.
- Зголемување на свеста и знаењето на локалната самоуправа, граѓанското општество и пошироката јавност за специфичните финансиски и општествени ризици поврзани со неправилностите и корупцијата во областа на животната средина.
- Зголемување на капацитетите на граѓанските организации и граѓаните преку техники и дигитални алатки потребни за следење на локалните финансии како и застапување кое се заснова на докази за подобро управување на општинските финансии.

Co-funded by the European Union

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија.*

**Структура на проектот:**
Проектот е структуриран низ четири пакети на активности дизајнирани да обезбедат рамка за надзор и управување:

- ***Истражување и мапирање:*** Иницијативата ќе започне со аналитичка проценка на управувањето со локалните финансии поврзани со животната средина и клима, на централно и локално ниво. Со оваа фаза се планира идентификување на специфични недостатоци во спроведување на регулатива и ризици од корупција како и развој на методологија за квантифицирање на стандардите за добро управување.
- ***Градење на институционални капацитети:*** Проектот ќе обезбеди техничка поддршка за осум пилот-ЕЛС. Области на кои ќе се фокусира проектот вклучуваат запознавање и поттикнување на вклучување на климатското буџетирање во работните процеси на општините и имплементација на процеси за подобрено управување со ризиците.
- ***Мониторинг и застапување на граѓанското општество*****:** За да се обезбеди подобрен граѓански надзор, проектот ќе обезбеди мали грантови и обуки за осум граѓански организации. Организациите се очекува да применуваат механизмите за следење, користејќи методологии за следење на локалните финансии и да застапуваат барања за институционални подобрувања.
- ***Јавна свест и граѓанско учество*****:** Оваа компонента ќе се фокусира на зголемување на учеството на граѓаните во процесите на донесување одлуки како и подобрен надзор за одлуките поврзани со животната средина на климата.

**Очекуван резултат**

Се очекува иницијативата да придонесе кон подобрена усогласеност со регулативата и добрите пракси како и да мотивира воспоставување на климатското финансирање како транспарентна и ефикасна алатка за подобрување на управувањето со локалните финансии во областа на животната средина.

**Техничко резиме**

- **Референтен број на проектот:** ЕК 2025/488-600
- **Спроведувач:** Центар за економски анализи (ЦЕА)
- **Финансирано од:** Европска комисија (ЕК)
- **Времетраење на проектот:** 12/2025-5/2028

Co-funded by the European Union

*Овој документ е изработен со финансиска помош од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на корисникот и под никакви околности не може да се смета дека го одразува ставот на Европската Унија.*